**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ПЕТНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 08.07.2026 година

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2026 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Петнаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 08.07.2026 година**

Седницата започна во 11:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Тринаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Тринаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА"**.

По Нацрт - Записникот од **Четиринаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четиринаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седницата на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-4263/2 од 07.07.2026 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**5.** Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.

Согласно извештајот на комисијата за финансии и Буџет, бр.09-4375/2 од 08.07.2026 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

6. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Младинско спортско друштво СКОПЈЕ ФУДБАЛСКИ КЛУБ АД Скопје; и
7. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Клуб за мал фудбал ЖЕЛЕЗАРЕЦ Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "5"** беше усвоен со **21 глас "ЗА".**

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "6"** беше усвоен со **21 глас "ЗА".**

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "7"** беше усвоен со **21 глас "ЗА".**

Претседателот на Советот констатираше дека точките "5", "6" и "7" се составен дел на предложениот дневен ред.

За збор се јави членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) кој упати забелешка за тоа кога се доставени предлозите за дополнување на предложениот дневен ред и воедно истакна дека со оглед на карактерот на предложените точки, да беа консултурани како советничка група ќе дадеа поддршка.

Исто така побара да му биде доставена информација која е причината за тековното загадување во населбите Автокоманда, Железара и Ченто за која има многу реакции од граѓаните.

Градоначалникот на Општина Гази Баба во својот одговор истакна дека реакциите од граѓаните се за загадувањето предизвикано од субјекти во кругот на поранешната фабрика "Железарница", и од тие причини од овластениот инспектор за заштита на животната средина на Општина Гази Баба е добиено известување дека е испратено барање до Државниот инспекторат за животна средина како надлежен за вршење на инспекциски надзор на субјекти кои поседуваат "А" - интегрирана еколошка дозвола, за доставување на информација. Информацијата ќе биде доставена до Советот на Општина Гази Баба.

За работата на седницата со **21 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Македонска Каменица и Општина Гази Баба;
2. Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2027 - 2029 година;
3. Предлог - Годишен План за спроведување на програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2027 година;
4. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;
5. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година;
6. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Младинско спортско друштво СКОПЈЕ ФУДБАЛСКИ КЛУБ АД Скопје; и

7. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Клуб за мал фудбал ЖЕЛЕЗАРЕЦ Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Македонска Каменица и Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Македонска Каменица и Општина Гази Баба, со **18 гласа "ЗА" и 3 гласа "ПРОТИВ"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2027 - 2029 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2027 - 2029 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2027 - 2029 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Годишен План за спроведување на програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2027 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Годишниот План за спроведување на програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2027 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Годишниот План за спроведување на програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2027 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.
Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Мариела Христова и членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Катерина Велков, која ја образложи Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Младинско спортско друштво СКОПЈЕ ФУДБАЛСКИ КЛУБ АД Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства на Младинско спортско друштво СКОПЈЕ ФУДБАЛСКИ КЛУБ АД Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Клуб за мал фудбал ЖЕЛЕЗАРЕЦ Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства на Клуб за мал фудбал ЖЕЛЕЗАРЕЦ Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Петнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:55** часот.

**Број 09-5713/2**
**од 26.08.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот